АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ **МАКЕДОНИЈА**
Скопје - Виена Иншуренс Груп

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ
## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗАЛИХИ НА ФЛОТАНТНА ОСНОВА ОД ОПАСНОСТ ОД ПОЖАР И ОД НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ

Овие Посебни услови за осигурување ги донесе Друштвото на 98-та редовна седница одржана на 10.02.2016 година, со одлука број 02-1297/3-5 со примена од денот на донесувањето.

Лектор Кристина Велевска

**Член 1**

Осигурување по овие Услови може да склучат правни и физички лица што уредно и ажурно водат пропишана книговодствена евиденција на непаричните обртни средства, врз основа на важечките законски прописи и ако се осигурат сите средства што мож е да бидат предмет на осигурување според Условите за осигурување од опасност од пожар и од некои други опасности.

**Член 2**

(1) Предмет на осигурување по овие Услови може да бидат складираните залихи на: суровини и материјали, резервни делови, ситен инвентар, освен автогумите во употреба (класа 3), полупроизводите, недовршените производи, готовите производи и трговската стока (класа 6), опремата и средствата за работа во подготовка - инвестициски материјал и другите залихи што може да бидат предмет на осигурување од пожар и од некои други опасности.

(2) Не може да бидат предмет на осигурување само поодделни залихи (аналитички конта), кои се во состав на едно синтетичко конто.

(3) Залихите што не се сопственост на осигуреникот, а се земени на доработка, сервисирање, чување или складирање, не може да бидат предмет на осигурување по овие Посебни услови.

**Член 3**

(1) Залихите од членот 2 на овие Услови се осигурени на секое времено количество по единечни цени по кои се водат во книгите на осигуреникот на 31.12. претходната година, доколку не е договорено поинаку.

(2) Доколку осигуреникот оцени дека цените, односно вредностите по единечните книговодствени цени од претходниот став нема да одговараат на вистинските пазарни цени, може да договори нивно зголемување:

1. со месечен верижен процент на книговодствените единечни цени;
2. со квартален процент на зголемување на книговодствените единечни цени за целиот претсметковен период на осигурување;
3. со зголемување на книговодствените единечни цени за индексот на порастот на цените на производителите на индустриските производи по гранки на дејности, објавени од Републичкиот завод за статистика.

(3) Основа за утврдување на сумата на осигурување на залихи за договорениот квалитет од претходниот став претставуваат просечните количества по единечни цени по кои се водат во книговодството на осигуреникот зголемени за договорениот пораст од точките 1, 2 или 3 од претходниот став.

(4) Изборот на квалитетот на осигурителното покритие осигуреникот е должен да го даде во писмена форма, и тоа пред денот на започнувањето на осигурувањето.

**Член 4**

(1) Во случај на штета, како основа за пресметка на штетата на осигурените залихи се земаат единечните цени од книгите на осигуреникот (член 3, став 1 од овие Посебни Услови), односно корегираните единечни цени за договореното зголемување според членот 3, став 2, точка 1, 2 или 3 од овие Посебни Услови.

(2) Доколку цените утрдени според претходниот став се повисоки од реалните, вистински цени на залихите на денот на штетата, висината на штетата ќе се утврди според реалните, вистински цени.

(3) Под реални, вистински цени на залихите се подразбираат:

1. набавната цена на пазарот на денот на штетата (за материјалите, суровините, резервните делови и ситниот инвентар на залиха, трговска стока и средствата за работа во подготовка);
2. цената на чинење на денот на штетата, и тоа: за полупроизводите и за недовршените производи - по фазни цени на чинење до извршениот степен на обработка, и за



ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

готовите производи - имајќи ги предвид сите фази на обработка.

(4) Во случај на подосигурување, односно ако единечните цени корегирани во смисла на членот 3, став 2 од овие Посебни Услови се пониски од реалната вистинска вредност на залихите, начелото на пропорција нема да се применува, туку штетата ќе се решава според договореното ниво на цени со полисата за осигурување.

**Член 5**

(1) Премијата за осигурување за тековниот период на осигурување се пресметува однапред со примена на основата од членот 3, став 1 и став 2, точка 1 и 2.

(2) Ако е договорено осигурување во смисла на членот 3, став 2, точка 3 од овие Услови, пресметката на премијата поради движењето на индексот на цените се врши секој квартал, и тоа со една четвртина од премиската стапка, на разликата на вредноста помеѓу почетната состојба и зголемените вредности на база на индексот на пораст на цените на производителите на индустриските производи по гранки на дејности, објавен од Републичкиот завод за статистика.

(3) Конечна пресметка на премијата не се врши.

**Член 6**

Доколку се работи за осигуреник со започнување на осигурувањето различно од членот 1, став 1, се постапува на следниот начин:

- привремена пресметка се врши со земање на основата за пресметка на премија од минатиот период на осигурување, која се зголемува за кумулативниот коефициент на пораст на гранските цени до почетокот на осигурувањето;
- дефинитивна пресметка се врши на база на реалните податоци, кога ќе се добијат од осигуреникот.

**Член 7**

Доколку не се во спротивност со одредбите на овие Посебни Услови, се применуваат и:

1. Општите услови за осигурување имот и
2. Условите за осигурување од пожар и од некои други опасности.

**Член 8**

Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето може да достават жалба во однос на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурувањето, како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.

**Член 9**

Во случај на спор меѓу договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот и осигурувачот, месно е надлежен Основниот суд Скопје 2, Скопје.

Бр. 02-1297/3-5
10.02.2016 година

Претседател на Управен одбор

Бошко Андов